ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА



# *СВЕТЛИНИ*

**Бр. 33**

## СОДРЖИНА


- *Обраќање на директор*
- *Наградените песни од одделенска и предметна настава*
- *Наградените цртежи од предметна и одделенска настава*
- *Текст за патронатот*
- *Македонскиот Великан Конески*
- *Песните на осмоодделенците во Зборникот „ЕДНАКВИ“*
- *Учење на отворено*
- *Недела на италијанскиот јазик*
- *Читачко катче за одделенска настава*
- *Културните настани во родниот крај*
- *Соработка со ООУ„Григор Прличев“ од Охрид*
- *Отворен час „Грчка митологија“*
- *Учител – професија поставена пред големи предизвици*
- *Светски ден на мирот*
- *Нашите млади уметници на Мал битолски Монмартр*
- *Нашиот Детски Парламент*
- *Ние во парламентот*
- *Истражуваме, учиме, се забавуваме!*
- *Мојата учителка*
- *Едукативно игралиште*
- *Спомени од училишните клупи*
- *Еднаков пристап за сите*
- *Еко активности*
- *Да се спротиставиме на булингот*
- *Здравјето пред сѐ*
- *Развивање на фината моторика кај децата*
- *Домашните работи и учениците*
- *Забавна страница*


**Редакција**


Ученици-членови на училишните секции;

Одговорните наставници: Соња Бандевска, Оливера Илиевска, Соња Петровска, Мирјана Стојановска, Даниела Петковска, Сузана Дишковска, Билјана Печипајковска, Виолета Стевановска и Билјана Јовановска;

Компјутерската обработка: Наташа Стаменковска, Дарко Аврамоски и Атанас Пеев;

*Благодарност до наставничката по Ликовно образование, Ленче Крстеска за изработката на кориците.*

**Учителот пред новите предизвици**

Човекот е во постојана потреба од создавање: големи и мали нешта, важни и помалку важни, убави и неубави. Затоа тој постојано е пред нови предизвици и сè што прави, прави за да го подобри своето опкружување и светот воопшто. Од секој нов предизвик тој се труди да ја извлече сета мудрост која паметно ќе ја искористи во животот. Неговото најубаво и најмоќно создавање е светот на книгата и ништо што тој изградил не може да биде поцврсто и подолготрајно.

Денес учителот и книгата повторно ги живеат новите предизвици соочени со стравот од новото утро, но уште повеќе мотивирани да продолжат позитивно да влијаат на учениците, правилно насочувајќи ги кон сите современи сфери и аспекти. Учителот е таа водечка светлина кој им помага на учениците подобро да се запознаат себеси, да веруваат во радоста и креативноста што им ја носи секој ден исполнет со бескрајната низа од зборови преточени во книгата на животот. Денес да се биде учител е најубавата и најодговорната професија што подразбира огромна посветеност кон младата личност, кон нејзините потреби за знаења, вештини, мотивации, а за да го направи тоа учителот треба да поседува врховна уметност зашто само на тој начин ќе ја разбуди радоста во детските очи. Среќни сме што и во оваа ветрометина секојдневните предизвици успешно ги совладуваме и гордо чекориме по патот на успехот, поцврсти и посплотени од било кога. Тоа е нашата формула за успех зашто кога учителот ќе го ,,допре срцето" на својот ученик, резултатот е само напредок. Во таа насока прекрасните насмевки, пораките, цртежите, гушкањето се доказ дека учителот успешно ја води својата мисија.

Добриот учител сфаќа дека родителот им ги доверил своите деца од кои тој треба да направи луѓе, соработува со семејството и на тој начин успева да го разбере детето и затоа ја има детската доверба и почит, семејната поддршка. Оваа нераскинлива врска во нашето училиште се негува уште од самиот почеток и благодарение на тоа градиме иднина во која предизвиците ништо не ни можат. Единствено на што треба да внимаваме е да продолжиме да ја одржуваме таа рамнотежа на она што сме, што сакаме да бидеме, она што можеме да бидеме, а притоа да го зачуваме достоинството, моралот, човекот во нас.

Затоа ако треба да поставите некого на пиедестал, ставете ги учителите. Тие се хероите на општеството.

Директор:
Гордана Анастасова



**Наградени ученици од литературниот конкурс „Учителот“**



***Одделенска настава***

**Прва награда**

***Учителка***

Учителке моја мила,
да бидам добро дете ти ми даваш сила.
Ме учиш на разни нешта,
и кажуваш за убави нешта.

На час по математика ние учиме за дропки,
за во животот да не ни бидат сопки.
Равенките и бројните изрази сега,
ги решавам како од шега.

Секогаш учиме нешто ново,
за нас тоа е интересно слово.
На Вашите часови многу е интересно
и затоа сѐ ќе биде лесно.

***Анастасија Дурлова V-4 одделение***
***Ментор: Весна Димитровска***

**Прва награда**

***Песна за учителот***

Минуваат многу зими и лета,
а во мисли вечно ќе ни цвета
една личност толку драга
што остава во срце трага.

Како матица кон пчели рој
нѐ собира во класот свој.
Вредно нѐ учи и воспитува
на нашиот успех се восхитува.

Еј, учителу!
Ти си ѕвезда водилка
патот што ни го осветлува,
а оваа песна од душа испеана
тебе ти ја посветувам.

***Александра Мариа Павловски – V-3***
***Ментор:ДаниелаПетковска***

**Втора награда**

***Учителот***

Неговиот лик,
чист и светол,
знаење носи
како дождец што роси.

Го слушам
го почитувам,
неговиот лик,
светлина ми носи во секој миг.

Има нежен и топол глас,
и топол збор,
насмевка милна,
љубов силна.

За грижата што
ни ја дарува,
благодарност од срце
нему му подарувам.

***Јана Тасевска IV-4***
***Ментор: Сузана Дишковска***

**Трета награда**



***Учителка***

Учителке, ти си многу
мила,паметна и добра,
од тебе ја  научив
првата стихотворба.

Учителке наша,
со твојот убав глас
Правиш да се чувствувам
убаво јас.

Секој нов ден
едвај чекам да те видам
и кога ќе пораснам јас
како тебе сакам  да бидам.

***Сара Петровска III-5***
***Ментор: Венета Јоновска***



**Пофалени**

***Учителка***

Мојата учителка има срце чисто,
без неа ништо не е исто.
Секогаш нас внимателно нè учи
И во сè сака да нè вклучи.

За нас сака сè да знае,
нејзиното трпение долго трае.
Секој од нас многу ја сака,
со неа никој нема мака.

Таа е нашата учителка мила,
во нашите срца што ни дава сила,
како топло сонце што нè грее
и над нас како мајка бдее.

***Ева Ристевска III-1***
***Ментор: Кети Јосифовска***

***Мојата наставничка***

Мојата наставничка е добра
се грижи и нѐ сака,
во секое време –
ни подава рака.

Наставничката мила
ни дава знаење и сила,
петки се редат
маките ни вредат.

Не учи да бидеме
вредни и силни,
другари хумани
со срца милни.

***Мила Петровски III-5***
***Ментор: Венета Јоновска***

***Учителот***

Големи се твоите дела,
зад себе остави
творечка империја цела.

Нашето училиште го носи
името твое,
а ние со гордост учиме
и го чувствуваме како свое.

Со твоите учители
ни го просветливте патот,
огромна е заложбата Ваша
за писменоста наша.

***Даријан Созовски  V-4***
***Ментор: Весна  Димитровска***

*Предметна настава*

**Прва награда**

**Верба во учителот**

Денес, кога предизвикот на животот вие,
а надежта нечујно ја криеш,
верувај во утрото што расне
темното небо низ зракот ќе згасне!

Денес, кога неправдите се тешки,
а желбите во срцето се жешки,
верувај, сјајот во очите ќе светне,
белиот гулаб мирно ќе летне!

Денес, кога децата се храбри и ведри,
а учителот нивната надеж ја носи,
верувај, достоинство во крвта блика,
учителска мисла низ игра те вика!

Денес, кога мотото низ часот те води,
знаење бараш, за успех да се роди,
верувај, учителска волја низ патот ќе сјае,
вербата во себе, вечно ќе трае!

И тогаш,
се пронајде себеси!
Живееш без грижи!
Со советите и мудроста,
со звукот на креативноста,
со истрајноста и уметноста ,
со големината на зборовите!

И тогаш,
знаеш дека благодарам е малку
кон тебе учителу голем!
Ја добивме битката пред денот да смрачи,
доброто дело од нас ќе зрачи!

***Бојана Мајсторовска IX-3***
***Ментор: Соња Петровска***



**Втора Награда**

***Св. Климент, учител, творец***

Св.Клименте, Ти наш си светец,
на писменоста наша, ти си првенец.
Долги, тмурни приказни за писменоста
слушавме наша
кога празна беше душата наша.
Но,ТИ ја просветли длабоката суша,
Ти, ја возвиши нашата душа.

Велик Учителе,
Ти си нашата мисла света,
ти, постојано ја тргаше мислата клета,
и глаголицата ја упрости свето,
и мудроста на учителите твои
ја продолжи смело.

Кирилицата јасно ја редеше
и благодарение на тебе
на секој устата му меднееше.

Колку епитети на божественост
да додадам гласно
и мудроста, бесценета твоја
да ја величам јасно?!

Клименте, ние сме твојата иднина,
на твоите темели, ја градиме
нашата иднина.

***Елена Силјановска VIII-4***
***Ментор: Мирјана Стојановска***

**Прва награда**

***Учителот***

***(на Блаже Конески)***



Ко зборови да нема доволно,
убави, вистински, прави,
штом за ваков човек треба нешто да се каже,
и неговото големо дело да се слави.
Како да се роди песна за поетот
што толку многу ни дал?

Ми се чини за него, секој збор е мал.
Но еве, ќе ги пуштам зборовите од срцево сами да течат,
па можеби убава песна, ко неговите, ќе можат да речат.

Благодарам Конески за сè што од народот мој си збрал
и нам генерациите нови, си ни дал.
Благодарам што за секој трепет в срце си нашол збор,
ти во твоите песни за многу прашања си дал одговор.

Заслужени награди многу си стекнал,
благодарение на тебе македонскиот литературен јазик, одекнал.

Благодрарам што зборот наш македонски
ко птица си го вивнал,
па во далечни земји, зборот македонски стигнал.
Затоа сакам еве и јас нешто за тебе да сторам,
секој збор твој в срце ми е врежан,
далеку ќе стигне, ветувам против заборавот,
на делото твое, вечно ќе се борам!

***Веда Мавровска IX-1***
***ментор: Соња Петровска***

**Трета награда**

***Учиме од секој***

Учиме од секој
и во војна

и мирен спокој...
Учиме од секој...
Учиме од секој

и од млади
и од стари.
Учиме од секој.

Од родителите мили
од зборовите нивни тивки,
од баба и дедо нели?
Од песните милозвучни нивни.

Учиме од секој
од наставниците наши лични,
за петките да ни бидат слични.
Учиме од секој.

***Давид Јовановски VII-3***
***Ментор: Маргарита Поповска***

**Трета награда**

***Моите учители!***

Учители, вие ја допирате вечноста,
вие ја обележувате иднината,
вие ја осветлувате темнината.
Сè што гледам околу себе
гледам благодарение на вас.
Без вас можеби ќе бев игнорирана,

заборавена, изгубена во толпата,
полна со безначајност и просечност,
но вие ме натеравте
да ја сфатам својата вредност.
Вие ме водите.

Вие ме поддржувате.
Вие сте
сеприсутна водечка сила
во мојот живот.
Ми ја покажавте
патеката на светлината.
Ме научивте што е добро и лошо.
Разбирам многу работи
и сè ми стана можно,
бидејќи ми дадовте крилја,
еден ден исто како и вас,
да ја допрам вечноста.

***Мариа Пауновска VI-2***
***Ментор:Оливера Илиевска***

***Пофалени:***

***Учителот наш***

Чудно чувство имам кога на училиште итам,
оти мојот учител ќе го видам .
Па, каде е? – си велам .

Гледам лево, па десно и еве волшебна насмевка
на лицето му свети .
Токму тогаш милиот глас одекнува:
Добре ми дојдовте, деца мои!

Како развигорче зборовите му серојат,
а ние како пчелки во цвет подаваме раце и
викаме гласно:
Учителу наш ! – сите во еден глас.
Колку учителот вреди, ќе видите кога низ
таблата
азбуката буква по буква ја реди.
Математиката е друга тема,
учителот вели таа е брза шема.
Кога редовно се учи, мака се нема.
Секој предмет еден по еден следи,
а учителот низ слики го реди.

***Ана Јошевска VI-2***
***Ментор: Оливера Илиевска***



### *Учителот*

Учителот со својата моќ,
би не учел дури и во ноќ.
Тој прави сè за нас,
секогаш со љубов ќе се сеќаваме на вас.

Учителот е како водичот прв
со него би го достигнале секој врв.
Тој сите многу нè сака,
и за нас никогаш не му е мака.

Учителот е како ѕвезда сјајна,
кој нè учи на лекција трајна.
Тој со моќните знаења свои,
ќе остане засекогаш во сеќавањата мои.

***Изабела Шурбеска VIII-3***
***Ментор: Соња Бандевска***

### *Учителот*

Моите родители
се мои верни учители.
Секој ден ме набљудуваат,
на пат прав ме подучуваат.

Мојата наставничка
грижлива и мудра,
таа не дозволува
со проблеми да се судрам.

Совети дели,
препораки рој,
а некогаш има
и вистински бој.
„Отворете книги,
бесценет дар,
во вашиот живот
да бидете свој цар".

***Теона Трајковска VII-3***
***Ментор: Маргарита Поповска***



## Наградени цртежи од одделенска настава

Ликовно-литературниот конкурс „Учителот“ ја поттикна креативноста кај третоодделенците од ООУ „Свети Климент Охридски“ –Битола.

„Учителот“ беше тема на работилницата во која активно се вклучија третоодделенците од ООУ „Свети Климент Охридски“ – Битола, организирана по повод патрониот празник.

Поттикнати од ликовно-литературниот конкурс на истата тема, третоодделенците го покажаа својот креативен и инспиративен дух и подеднакво творея и создаваат ликовни и литературни дела претставувајќи ги своите имагинации и детски претстави за тоа што се подразбира самиот збор - учител, како тие го доживуваат го запознаваат и претставуваат неговото значење.

Конкурсот за литературни и ликовни творби на тема „Учителот“ кој нашето училиште ги организира во пресрет на патрониот празник ја покажа во најдобро светло креативноста и натпреварувачкиот дух на нашите ученици. Ја поттикна нивната имагинација и продонесе да го направиме повесел и подостоинствен нашиот патрон празник. Творбите што ги добивме од работилницата, без оглед дали се литературни или ликовни зрачат со позитивна енергија и ве исполнуваат во секој поглед, рече Венета Јоновска, наставник во ООУ „Свети Климент Охридски“ - Битола.




**Јована Талевска- V-3**
**прво место**



**Ивана Костова- V-2**
**второ место**



**Мила Митровска- III-1**
**второ место**



**Снежана Ѓоргиевска- III-1**
**трето место**



**Гораст Талевски- I-5**
**трето место**

## Наградени цртежи од предметна настава








***Бојана Мајстовска –прво место IX-3***

***Антонија Гајтановска – прво место VI-2***

***Антонија Гајтановска – прво место VI-2***








***Теодора Јовановска –второ место IX-3***

***Јана Танчевска –трето место VII-3***

***Мила Гугучевска -второ место VIII-1***






*Пофалница на Конкурсот распишан од НБРСМ на тема:* ***Штедењето-мудра одлука за подобра иднина***

## „Бесмртноста на Блаже Конески“ – документарен филм по повод 100 – годишнината од раѓањето на Конески

Оваа година беше прогласена за година на академик Блаже Конески, па по тој повод во нашиот град и пошироко се одржаа голем број активности.

Една од нив е и академскиот час во спомен – куќата на Блаже Конески во неговото родно место, Небрегово во организација на Македонското научно друштво од Битола и Педагошкиот факултет од нашиот град. Со овој настан овие две институции ги заокружија серијата активности посветени на 100 – годишнината од раѓањето на Конески и прогласувањето на 2021 година за година на академик Блаже Конески. На настанот беа присутни професори од Педагошки факултет – Битола, членови на Македонското научно друштво и професори по македонски јазик од основните и средните училишта. Како преставник од нашето училиште и од Стручниот актив по македонски јазик, беше присутна наставничката Оливера Илиевска.

По пристигнувањето во спомен – куќата на Конески присутните положија свежо цвеќе, а настанот започна со поздравен говор на деканот на Педагошкиот факултет, Добри Петровски. Централно место имаше промоцијата на документарниот филм за Блаже Конески со наслов ,,Бесмртноста на Блаже Конески”, изработен од Искра Талевска, дипломец на Педагошки факултет – Битола со помош на професорите од факултетот. Во филмот се зборува за животот и дејноста на Конески, неговите современици, литературните и научните дела, заслугата на Конески за развојот на македонскиот јазик, литература и култура. Значајно место во филмот заземаат и неколкуте интервјуа со познати наши културни дејци како: Радован П. Цветковски, Љубинка Донева, Вера Стојчевска – Антиќ, Људмил Спасов, Димитар Пандев, Пеце Стефановски кои од свој агол говореа за значењето на овој наш неуморен борец за македонскиот јазик, се потсетуваа на моменти поминати во негово друштво, зборуваа за неговата сериозност во секоја активност, за помошта и поддршката што им ја давал на своите студенти, но и на своите помлади колеги. Мирен, тивок, повлечен, но грамаден во својата појава и сериозност во однос на залагањето за развојот на македонскиот јазик во својата земја, но и поширико.

Овој филм уште еднаш го потврди фактот дека нашиот великан е трајна инспирација од најмало до најголемо.

Секој настан поврзан со големиот и неуморен борец за својот јазик, Блаже Конески, уште повеќе и посилно го зацврстува фактот дека ,,јазикот е единствената наша татковина” и дека ,,ние си одиме, а земјата останува“.









## Македонскиот великан Конески во очите на нашите уметници




По повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески беше одбележан настан (манифестација) во училишниот двор на ООУ„Св.Климент Охридски“-Битола. Настанот беше проследен со читање на наградените и пофалените литературни творби и изложување на ликовните творби од литературно-ликовниот конкурс „БлажеКонески–основоположникот на современиот македонски јазик“. Драматизацијата на „Везилка“, Рациновите стихови од „Ракување“ и рефератот со исцрпни биографски податоци за Блаже Конески, како и автентични музички точки го удостои делото на нашиот македонски великан.



По тој повод учениците од ликовната секција под менторство на наставниците Ленче Крстеска и Стевче Тодоровски со голема желба се подготвуаа за настанот. Тие подготвија извонредни цртежи, портрети на големиот великан во најразлични техники и го разубавија и збогатија настанот со нивната изложба. Изложбата беше изложена подолго време во холот на нашето училиште на која беа претставени педесетина дела.












## Песните на осмоодеенците во Зборникот „ЕДНАКВИ“

„Еднакви“ е насловот на зборникот песни од осмооделенците од нашето училиште кои твореа на тема „Еднакви можности меѓу половите во современото општество“. Во Зборникот се објавени песни и од ученици од ООУ „Елпида Караманди“ како и од средното техничко и медицинско училипте. Ментор на овој проект е наставничката по македонски јазик Мирјана Стојановска, а издавач Здружението за наука и култура „НОВА“ од Битола кои го објавија Зборникот со финансиска поддршка на општина Битола.

Зборникот „Еднакви“ содржи педесетина песни од ученици кои преку поезија ги искажуваат своите ставови против насилството, заложбите за еднаквост во современото живеење, против булингот во училиштата, укажуваат дека жените треба да имаат еднакви права за човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и политичкиот живот со мажите. Еднакви можности на жените тоа значи промовирање на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот живот, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните поединечни потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од нивното општествено делување.

Во песните учениците ги употребуваа изразните средства кои ги изучуваат во наставата за да се постигне поголема емоционалност и сликовитост во поезијата.

***Марија Котеска и Сара Спировска VIII-1***

***Љубовта ги сплотува половите***




Чекоревме сите заедно
и бавно се искачувавме по планинските стрмнини,
метафорични реки го пресекуваа патот,
останавме само ние во движење,
само ние со еднакви можности-
една прекрасна девојка и едно храбро момче.

Ова е лудост од маски преголема за мојот живот,
сите го прават тој театар
на новото опшество.

Човештво-
е вистинскизбор,
љубов-
е единствениот збор помеѓу сите нас
што сите нѐ прави еднакви
без оглед на двата пола.
Очите нека не гледаат во темницата наречена културно понижување,
очите нека ја возвишуват жената нека му подадат рака на послабиот,
очите нека гледаат еднаквост и рамноправност помеѓу сите нас!

***Марко Зајков VIII-5***

## Учење на отворено

Како резултат на контактите и проектите со училишта во Европа и во согласност со промените кои ги наметна новата организација на работата на училиштата, од оваа учебна година во Годишната Програмата за работа на училиштето се имплементира Програма за учење на отворено. Катчињата и училниците во природа кои ги имаме во нашето училиште се еден дел од нашата приказна и места каде што нашите





ученици на еден интересен начин ги стекнуваат своите знаења. Учењето на отворено не е само наложена потреба, туку тоа станува најсоодветен начин на градење на социјални, културни и еколошки вештини,



јакнење на идентитетот , карактерот и соработката меѓу учениците. Учениците имаат можност преку истражување и практични активности да ја совладаат секоја наставна содржина и да стекнат трајни знањеа. Нивната радост и образование е нашата цел и мотивација за напредок!

Тоа уште повеќе ја истакнува потребата оваа програма да ја развиваме и надополнуваме, во согласност со потребите на нашите ученици.





## Недела на италијанскиот јазик

Како резултат на контактите и проектите со училишта во Европа и во согласност со промените кои ги наметна новата организација на работата на училиштата, од оваа учебна година во Годишната програмата за работа на училиштето се имплементира Програма за учење на отворено. Катчињата и училниците во природа кои ги имаме во нашето училиште се еден дел од нашата приказна и места каде што нашите ученици на еден интересен начин ги стекнуваат своите знаења. Учењето на отворено не е само наложена потреба, туку тоа станува најсоодветен начин на градење на социјални, културни и еколошки вештини, јакнење на идентитетот, карактерот и соработката меѓу учениците. Учениците имаат можност преку истражување и практични активности да ја совладаат секоја наставна содржина и да стекнат трајни знаења. Нивната радост и образование е нашата цел и мотивација за напредок!

Тоа уште повеќе ја истакнува потребата оваа програма да ја развиваме и надополнуваме, во согласност со потребите на нашите ученици.

Со моќни пораки упатени до децата со ретки болести, учениците по француски и италијански јазик од ООУ „Св.Климент Охридски“-Битола во соработка со учениците од Гимназијата „Јосип Броз Тито“-Битола, го одбележаа Денот на ретките болести, 29 февруари, во рамките на отворен час за воннаставна активност. Целта на овој отворен час беше да се подигне јавната свест за ретките болести, како и за предизвиците со кои се соочуваат децата пациенти. Учениците испратија виртуелни балони за да дадат поддршка за нивните соученици со ретки болести.

Les bons amis t’aident à retrouver ton sourire, ton espoir et ton courage. Добрите пријатели ќе ти помогнат да ја вратиш твојата насмевка, надеж, храброст.

Ogni bambino ha diritto di essere sano.Секое дете има право да биде здраво.

Rêver seul ne reste qu’un rêve ! Rêver ensemble devient la réalité. Ако сонуваме сами, тоа е само сон. Ако сонуваме заедно, тоа станува реалност.

SIAMO TANTI, SIAMO FORTI, SIAMO RARI. Многу сме, силни сме, ретки сме.

Qui est en bonne santé, est riche sans le savoir.Оној што е здрав, е исто така богат, без да го знае тоа.

L’amore vince tutto! Љубовта победува сè!

Etre rare, c’est être fort. Да се биде редок, тоа значи да се биде силен!

Во рамките на Светскиот ден на мирот, учениците по италијански и француски јазик од ООУ „Св.Климент Охридски“ –Битола, учествуваа на ликовен конкурс на тема МИР, каде што целта беше да се подигне детската свест за важноста на мирот во домот, во училиштето и во средината во која живеат, растат и се развиваат.

Во октомври 2021, во рамките на Светската недела на италијански јазик, учениците по италијански јазик од 6, 7 и 8 одделение учествуваа на ликовен конкурс и литературен квиз на тема: Dante, chi lo conosce, со цел одбележување на 700 години од смртта на таткото на италијанскиот јазик, Данте Алигиери. Настанот е организиран од Здружението на професори по италијански јазик, а е поддржан од Амбасадата на Италија во Скопје.








## Читачко катче за одделенска настава

Иновативноста и креативноста на наставниците, секогаш сме ја преточувале во успешна приказна, проект или активност, во насока на подобрување на условите за работа и учење на нашите ученици. Уште една успешна приказна ја раскажуваме преку добиениот грант од „Чекор по чекор“ и опремувањето на читачко катче за учениците од одделенска настава. Во склоп на проектот се предвидени активности со учениците од одделенска настава и тоа математички активности, литературни читања, човечка библиотека ифинален настан - приредба за одбележување на завршетокот на проектот.

Овие активности се реализираат во опремените простории кои со помош на проектот се реорганизираа и се претворија во интересно катче за учениците. Просториите се опремија со математички ијазични помагала, мебел, книги, како и лотус перници, што ја направија атмосферата пријатна и мотивирачка за учење. Кај учениците ваквата организација предизвика зголемен интерес, но и мотивација за учење.
Досега се реализирани 4 математички работилници и 3 литературни работилници, со кои видливо се согледаа промените кај учениците и потребите за формирање на вакви катчиња и во други делови од нашето училиште.







## Културните настани во родниот крај

На ден **23.4.2021** година се реализира онлајн соработка на учениците од IX одделение кое го изучуваат изборниот предмет „Истражување на родниот крај“ со НУ Центар за култура Битола и неговиот директор. На средбата се разговараше на тема „Културните настани во родниот крај“, односно директорката на НУ Центар за култура Битола – Маја Андоновска Илијевски ги запозна учениците со позначајните културни настани во нашиот крај, им го долови процесот на организација на културните настани. Се анализираа вредностите на културните елементи, целите и бенефитите од културните настани, како и работата и улогата на Центарот за култура како национална установа. Учениците со внимание го следеа излагањето на директорката на Центарот за култура, проследен со фото и видео материјали. Директорката испрати голем апел до учениците за негување и заштитување на културата и нејзините елементи, кои претставуваат белег на нашиот народ.










## Соработката со ООУ„Григор Прличев“ Охрид продолжува...

И во вонредни услови за работа, соработката со нашето збратимено училиште „Григор Прличев“ од Охрид продолжува. Физичката дистанца не значи и социјална дистанца.

Ученици од IV и Vодделение, од двете училишта, заедно чекореа до Прличевите одаи!

Убавината која ја носиме во душата е убавина која извира од нашата земја, од нашитеприродни богатства и културни наследства! Убавина, преточена во стихови.







## Грчка митологија

Пандемијата и онлајн наставата не нè спречи во нашата креативност, исполнителност и желбата за нови знаења.

На **11.2.2021г**. членови на историската секција и додатна група ученици од 6 одделение под менторство на наставничката по Историја, **Христина Андоновски,** одржаа онлајн отворен час на тема „Грчката митологија“. На часот беа прикажани и анализирани боговите, хероите, музите, нимфите, титаните и приказните од митологијата на античките Грци, во својство на драма.




## Учител – професија поставена пред големи предизвици

Секојдневно исправен пред најтешката публика – децата, од учителот се очекува во еден ден да биде добар актер, гласен говорник, внимателен слушател, но и верен другар, лекар, пронаоѓач на изгубени работи, психолог, замена за родител... Одрекувајќи се од своето време, време за себе и најблиските, се посветува не само на пренесување на знаењето, туку и на формирање вредности што ќе ги водат учениците низ животоот како возрасни.

Да признаеме, изминатата година беше чудна. И повторно, учителот беше тој кој на свој грб го понесе најголемиот товар: преку креативен пристап, јасно дефинирани цели и зголемена мотивација до придобивки за сите. Невообичаените услови во кои се одвиваше наставата наложија невообичаен начин на реализирање на активностите. Под мотото: „Верувале или не... математиката има и забавна страна“, учениците од шесто одделение спроведоа неколку воннаставни активности.

**3,14159... Ден на бројот Пи.**

Традиционално се прославува ширум светот во третиот месец на четиринаесеттиот ден во 1:59 часот што симболично го претставува бројот Пи - 3,14159...Оваа година учениците од шесто одделение, иако во недела и онлајн, се потрудија да го одбележат овај математички празник со неколку активности.




**Low Poly Mask**

Маска изработена од хартија (да ја зачуваме природата), со помош на многуаголници и мрежа на 3Д форма (учиме математика). Важна беше пораката:„Ако веќе носиме маска, нека биде ваква, Првоаприлска и никаква друга!“ Со маската учествуваа на Првоаприлскиот конкурс на Институтот за култура и уметност при Меѓународен Славјански Универзитет.



***Денот на планетата Земја 22 Април***

За важноста и значењето на планетата Земја - мајката природа, може да се зборува од многу аспекти. Учениците изработија видео и е-книга, која од еден поинаков аспект зборува за поврзаноста на бајките со природата и како тоа се одразува на детскиот развој. Дадоа осврт на убавата и застрашувачка сила на природата преку повеќе приказни во кои таа си го враќа она што луѓето го напуштиле. Собраа и запишаа инспиративни приказни на луѓе кои направиле чекор повеќе во зачувување на природата и работат заедно со неа. На крајот порачаа: „Нека секој ден биде Ден на планетата Земја, а не само овој“.



## Светски ден на мирот











## Нашите млади уметници на Мал битолски Монмартр

По повод свеченото затворање на 40-то јубилејно издание на Малиот битолски Монмартр, во градскиот парк се одржа отворен час по Ликовно образование. На него беа поканети и учествуваа ученици од сите основните училишта, како и деца од најмала возраст од нашите градинки.

Од нашето училиште учествуваа 6 ученички од 8 одделение од ликовната секција, под менторство на наставничката Ленче Крстеска. Тие беа: Веда Мавровска, Теодора Јовановска, Бојана Мајсторовска, Анелија Костофски, Николина Шапарданова и Ева Апостоловска.



Учениците имаа обезбедени материјали за сликање од организаторот на настанот. Тие под отворено небо творea на слободна тема. Настанот траеше два часа. Нашите ученички црпеа инспирација од непосредната околина-природата и се претставија со прекрасни пејзажи. Делата останаа во сопственост на Малиот битолски Монмартр, од кои што подоцна беше направена изложба. Учениците на крај добија благодарница и симболичен подарок. Тие беа презадоволни од постигнатиот успех и особено среќни што имаа ваква можност.




## Нашиот Детски парламент

Бројни онлајн активности на нашиот Детски парламент ја обележаа изминатата училишна година, тешка за сите нас, заради новонастанатата ситуација со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид- 19.



По повод Денот на нашето училиште се одржа онлајн работилница на тема: „Булинг“. Оваа работилница ја организираа членовите на училишниот парламент: Ева Димовска и Елена Тунтевска, заедно со одговорниот наставник, Бојана Димовска -Гоновска. Присутни беа и гости од други образовни институции како: претседавачот на Советот за превенција на детско престапништво, психологот Марија Филиповска, психологот од гимназијата „Јосип Броз Тито“, Лидија Споа, секретарот на Советот за превенција на детско престапништво, Билјана Додовска - Ѓоргиев. Исто така присуствуваа и директорот на збратимено училиште ООУ „Григор Прличев” од Охрид, Ивана Маховска, заедно со одговорниот наставник на нивниот училиштен парламент, Марина Танасоска и неколку ученика.






Здравата исхрана најактуелна е во ова модерно време каде сите брзаме некаде и не успеваме да обратиме внимание на тоа што јадеме. Токму заради тоа, на иницијатива на родителката Билјана Марковска, нутриционист, беше организирана работилница на тема: „Здрава исхрана“. Оваа многу актуелна тема разбуди голем интерес кај нашите ученици, кои по предавањето постојано поставуваа прашања за придобивките и нутритивните вредности на здравата исхрана.







Центарот за човекови права „Амос“ од нашиот град, на покана од нашето училиште, одржа онлајн работилница на тема: „Говор на омраза и насилство“ за претставниците на Училишниот парламент.

Во првиот дел од работилницата, учениците имаа можност да се запознаат со поимот „говор на омраза“, формите на изразување, препознавањето на социјалните мрежи, при играњето онлајн игри и сл. Преку оваа работилница се подигна свеста кај учениците за тоа колку брзо говорот на омраза може да премине во чин на насилство, па и живото-загрозувачки ситуации.Учениците научија како да реагираат доколку препознаат говорна омраза.
Во вториот дел беа предвидени практични активности од прирачниците за образование за човекови права „Компас“ и „Компасито“,

Невладината организација „Семпер“ предводена од социјалниот работник, Sала Бојкоска и д-р Билјана Гагачовска, одржаа кратко предавање на тема: „Трговија со луѓе“. Ова поучно предавање имаше за цел да ги насочи учениците да бидат повнимателни и попретпазливи при ширење на новите пријателства.

## Ние во парламентот



Оваа есен ние петто одделенците заедно со нашите наставници бевме присутни на виртуелната on-line тура, во Собранието на нашата држава. Виртуелната прошетка беше организирана од



Парламентарниот институт при Собранието.
Ние, учениците и наставниците, преку Microsoft Teams имавме можност активно да учествуваме во дискусиите низ текот на прошетката, водени од Томе Гушев, вработен во Парламентарниот институт.



Имавме можност да ги посетиме и видиме: холот, фреските, кабинетот на претседателот на Собранието, Пленарната сала, ѕидните мозаици, салата „Борис Трајковски“, салата на Уставната комисија, Охридската сала, холот со портрети, салата „Голема купола“ и др
Оваа посета за нас беше убава можност да ги прошириме своите знаења по предметот општество и да бидеме директни учесници во виртуелната авантура.



## Истражуваме, учиме, се забавуваме!

**Од семе до растение**

- Се грижиме за хигиената
- Украсуваме
- Засадуваме

Учениците од I-5 научија како се сади, кои се делови на растението и како треба да се грижат за растенијата. Засадија нане, босилек, жалфија, копар, мајчина душа, магдонос, домат, пченица, лаванда. Сето тоа го направија со многу љубов и желба за што побрзо да никнат.










## Мојата учителка





нѐ искара

стихотворба

изваде те математика

учлиште

физичко

игра

пеење



Супер ѕвезда

учебник

учителка Велика

втора мајка

книга



добра учителка

број

Љубов

сонце

срце

ѕвезда



месечина

Учење

## Едукативно игралиште – учиме низ игра



Училиштето е институција во која учениците минуваат голем дел од денот – не само во текот на наставата, туку и после настава. Тоа е своевидно збиралиште на сите кои живеат во околината. Речиси и да нема период од денот кога тоа е празно. Како внатре, така и надвор училиштето треба да биде примамливо и убаво катче за учениците.

На тимот од наставници и ученици од петто и шесто одделение се приклучија и поранешни ученици од училиштето, па со малку труд, боја и креативност се доби едукативно игралиште. Игралиштето се наоѓа на патеката на училишниот двор, а наменето за најмалите ученици. Играта е важен дел од когнитивниот развој на децата.

Едукативното игралиште, преку физички и ментален ангажман, дава можност за развивање на нови моторички и социјални вештини и способности за решавање на проблеми преку игра.

Навигацијата низ шемите на игралиштето им помага на малите деца да ја развијат својата координација и моторни вештини. Вештините што ги учат малите деца да ја развијат својата координација и моторни вештини. Вештините што ги учат преку физичка игра се важни за нивниот социјален развој бидејќи игрите се осмислени да поттикнат социјализација. И најбитно, игрите придонесуваат за поедноставно учење и совладување на основните поими: помало – поголемо, подолго – пократко, лево – десно, поимот број, парни и непарни броеви, основни геометриски фигури, основни бои и сл.





.









## Спомени од училишните клупи

„Спомени од училишните клупи" е првиот дел од предвидените четири, од алманахот на II – 1, кој го изработија учениците во соработка со нивната одделенска наставничка Кети Јосифовска. Промоцијата се одржа на 9.6.2021г. за време на последните наставни часови. Покрај наставниците од нашиот совет на наше големо здоволство присуствуваше и наставничката Љубица Шврановиќ, која ги предводеше учениците во прво одделение.

Нејзиното доаѓање предизвика големо изненадување, среќа и љубов се гледаше во целата просторија. Времето поминува, но првата наставничка не се заборава, таа останува засекогаш да живее во детските срца.

Ѝ кажавме големо благодарам, ѝ го посакавме сето добро на овој свет како и долги и среќни пензионерски денови.

,,Целта беше за секој од нас да се каже по збор – два и со оваа песна наша да се остави вечна трага. Па така, по многу години читајќи ги овие редови, да се сетиме на училишните денови, особено на овој ден, кој го прогласивме за врвен, затоа што со него го означивме последниот час во второ и знаевме дека нема да се видиме за скоро. Си посакавме да бидеме среќни и здрави сè додека Климент Охридски повторно во школо нè врати".

Иако најмали, учениците Давид Котевски и Мила Митровска од II -1 одд. Под менторство на нивната наставничка, многу храбро зачекорија во светот на математиката. Тие зедоа учество на математичкиот државен електронски натпревар ПИ ДЕН, организиран од Сојузот на математичари на Македонија, кој се одржа на 14 март 2021 година .









## Еднаков пристап за сите

Дефектологот или специјален едукатор и рехабилитатор се занимава со теориско и практично проучување на проблемите на лицата со пречки во развојот, како и со посебните потреби во однос на нивната социјална интеграција. Позицијата за која се залага е дека не треба слепо да се придржува до долговоспоставениот став дека детето треба да учи само со седење на маса, туку дека детето треба да се следи, да се охрабрува неговиот развој преку игра. Да создава услови за да може детето да стекне знаења и вештини.

Целта на работата е максимален можен развој и адаптација во социјалната, образовната, професионалната сфера поради постојните карактеристики или:

„За да се работи со деца со посебни потреби треба да се има голема љубов и големо разбирање“.

Но, покрај секојдневните работни и професионални обврски, дефектологот реализира и други активности што директно или индиректно влијаат на развојот на децата и свеста кај останатите за потребата од подадена рака на децата со посебни потреби.

Дел од реализираните проекти се на иницијатива на специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето, како и на вработените од детската градинка ЈОУДГ„Мајски цвет“ од Битола.

Некои од активностите се:

- Акција со наставничките и учениците од првите одделенија да се соберат зачувани или нови играчки.
- Изработка на ознаки со брајово писмо за сите кабинети и канцеларии со што уште еднаш докажавме дека училиштето се грижи за еднаков третман на сите ученици. Овде се како дека важна улога има и работата на ресурсниот центар за деца со оштетен вид.
- Учениците III-5 одд. го одбележаа Светскиот ден на лицата со аутизам преку реализирање на работилница на отворено.
- Реализирана е и хуманитарната акција „Од нас за нас“, а целта беше збогатување на училишниот библиотечен фонд.
- Учениците од III-2 одд. со изработка на сини беџови и пуштање на сини балони испратија силна порака под мотото: „Light up in blue” со што традиционално го одбележаа 15 Октомври – Ден на белиот стап.
- Исто така беа споделени искуства со балканската музејска група за пристапност, BMAG соцел за унапредување на пристапноста за слепи и слабовидни лица.
- „Обоиме во пријател“ настан со свое виден апел дека лицата со инвалидитет треба да се прифатат како рамноправни членови на заедницата.
- По повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, реализиран е Инклузивен парк.
- Потпишан договорот со Фондацијата за образование и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во рамките на проектот „Биди ИН, биди Инклудиран“.
- Добиена е дигитална опрема и асистивна технологија за две училници. Давање поддршка на учениците во одржувањето и унапредувањето на квалитетен и самостоен живот со активно учество во заедницата на живеење. Нашето училиште има 15 асистенти кои се дел од образовниот процес и се присутни за време на часовите.

Попреченоста не е избор, но инклузијата е!






МАЈСКИ ЦВЕТ











По повод 5 Јуни –Светскиот ден за заштита на животната средина, учениците од трето одделение во учебната 2020/21 година, предводени од нивните наставнички, го одбележаа овој ден со активноста: „Да ја заштитиме природата, зашто и ние сме дел од неа“.

Сите паралелки разработија различни подрачја со цел да се развие и подигне свеста на учениците на повисоко ниво, за важноста на животната средина.

Учениците од III-1 преку ликовните творби ја претставија улогата на дрвјата и нивното значење за животната средина под мотото: „Засади дрво, за почист воздух“.




Учениците од III-2 преку ликовни творби го претставија значењето на водата и потребата од штедење на истата под мотото:„Капка вода, капка живот“.




Преку мотото „Чистиот воздух живот значи“, учениците од III-3 преку ликовни творби и пораки, ја нагласија важноста на спречување на загадувањето на воздухот.




Колкаво е значењето на енергијата и потребата од нејзино штедење преку мотото „Енергијата вреди, затоа треба да се штеди“ учениците од III-4, го претставија преку упатства и совети за заштеда на електричната енергија.

 

Учениците од III-5, со мотото „Со возење велосипед, ја штитиме животната средина и го штитиме и нашето здравје“, преку ликовни творби ја претставија важноста од возење велосипеди.

 

На крај учениците преку сите овие активности и дебати, согледаа дека секој од нив како поединец може да придонесе многу во заштитата на животната средина. Нешто што е малку за нас, ако само малку се потрудиме, може да значи многу за животната средина.

АЈДЕ СИТЕ ЗАЕДНО ДА СЕ ПОТРУДИМЕ!

Изработките од учениците беа истакнати на училишните паноа.

## Да се спротивставиме на булингот

Училиштата се институции каде се развиваме и го поминуваме поголемиот дел од денот, каде треба да се чувствуваме безбедни и среќни. За жал булингот во сите училишта се зголемува и учениците ја губат својата безбедност, среќа и пополека се затвараат во себеси.




Статистиките покажуваат дека секој ден бројот на ученици со анксиозност во основните училишта се зголемува и децата одбиваат да посетуваат настава. Моменталниот процент на дијагностицирани ученици е 17%, а можеме да замислиме колку од нас учениците ги кријат своите проблеми. Уште од прво-второ одделение учениците се свесни за булингот и на секој одделенски час се дискутира на иста тема. Се обрнува внимание не само на физичкиот, туку и менталниот булинг, кој е сè поприсутен.

Да се спротивставиме на булингот, да не дозволуваме тој да не опседне и да прави раздор меѓу нас учениците.

Алек Сиваков VIII-5
Софија Кутлешовска VIII-5

## Здравјето пред сè! - отворен ден на граѓанското образование

„Здравјето пред сè!“ беше мотото на отворениот ден на граѓанското образование кој беше одржан во нашето училиште „Св. Климент Охридски“ и покрај строгите услови на корона пандемијата. Сите активности се реализираа со крајно почитување на корона мерките и дури поттикнаа на поголема креативност и мотивираност  кај учениците со најразлични комбинирани методи од користење на дигитални алатки на далечина и физичко присуство. Јакнењето на ученичките иницијативи дојде до својот полн израз и беше своевидно доживување со многу емоции бидејќи определен број на ученици на кратко го посетија своето училиште и со голем ентузијазам ги спроведоа предвидените активности.

Учество во отворениот ден на граѓанското образование зедоа сите ученици од прво до деветто одделение со активности во соодветност на возраста. Најпрво, беше одржана online дебата „Заедно против короната“ од учениците од осмо и деветто одделение, па едукативна презентација за учениците од помалите одделенија како превентивно да се заштитат од опасниот вирус, презентиран беше и краток видео филм на истата тема. Учениците од прво до трето одделение се претставија преку цртежи, стихови и обработка на текст со примена на различни техники.

Дефектологот на знаковен јазик на учениците од трето одделение им прикажа како се пренесуваат упатствата за заштита од короната.

На италијански и француски јазик учениците беа запознаени со ретките болести. Интересна беше и драматизацијата „Битолското чупе во куќата на витамините“ како и презентацијата за здрава храна од учениците од четврто и петто одделение.

Беше организирана и изложба, издадени се две електронски книги:  Стихозбирка со цртежи од активите по македонски јазик, странските јазици и активот по ликовно образование, информатика, како и интерактивна книга „Здравјето пред сè!“ од активите по природни науки, хемија, биологија, физика, активот по историја и географија, математика, како и активности со вежби во природа под мотото „Во здраво, тело-здрав дух“ од активот по физичко образование.

За крај, како круна на сè, учениците од хорот и оркестарот  испратија силна порака со актуелната песна „Корона чао“ која се разлеваше и низ целата околина на училиштето за што придонесе прекрасниот сончев ден, а училишниот двор за миг беше исполнет со детска светлина, онака како што треба и да биде.

Богатото искуство кое произлезе од  негативните прилики, ние сите заедно, ученици и наставници, успеавме да го преточиме во непроценливо духовно богатство под будната заштита на нашиот Светител и Патрон, Св. Климент Охридски.





## Ја развиваме фината моторика

**Здравјето пред сè!** Беше мотото на Отворениот ден на граѓанско образование кој се одржа на ден 5.3.2021г. во нашето училиште. Советот на второ одделение зеде активно учество на овој настан, со цел да се развие свеста за водење грижа и одржување на сопственото здравје како и чување и негување на природата. Учениците се претставија со видео пораки, изведување на драмски точки, рецитал кој претставуваше комбинација од рецитирање стихови и пеење песнички со еко содржина, како и ликовно изразување на истите.

Учениците беа воодушевени од целиот настан, тие се мотивираа, инспирираа и посакаа и понатаму да има што повеќе вакви настани преку кои ќе можат да дадат свој придонес за совесно однесување кон природата. Пред сè научија дека ние сме дел од неа, дека таа нè опкружува, расте и живее со нас и дека единствено нешто што ѝ треба се љубов и внимание. Развивање на фината моторика кај децата. Развивањето на фината моторика е важно за целокупниот развој на децата. Поимот фина моторика се однесува на малите движења на раката, прстите на рацете и нозете, јазикот и ситните мускули на лицето.

Сепак, кога се зборува за развивање на фината моторика, обично фокусот е на движењата на раката и прстите на рацете. Добро развиената фина моторика на дланката му овозможува на детето, да може да се сконцентрира на задачата која е поставена пред него.

Затоа, низ игра и забавни активности, сето тоа се применува во работата со првачињата.





## За родители и ученици
## Домашните работи и учениците

Домашните работи на учениците претставуваат една од основните форми на задолжителна активност надвор од директната настава и тие се нужен дел од целокупниот воспитно-образовен процес.

Правилно зададените домашни работи, со својата содржина и форма, произлегуваат од потребите на наставата и повторно се вклучуваат во неа. Тие имаат голема воспитно-образовна вредност затоа што ученикот е поставен во ситуација да работи сам, потпирајќи се на своите сили и способности. Со тоа тој се оспособува за самостојно стекнување на знаења, а тоа претставува своевидна подготовка за животот и самообразованието.

Изработката на домашните работи бара големи напори од детето, па затоа оваа негова обврска родителите треба да ја почитуваат, ценат и поттикнуваат.

Некои ученици не можат да ги извршат навреме своите обврски околу домашните работи, па затоа често се принудени да бараат помош од родителите или повозрасните во семејството. Причини за неизвршување на оваа обврска има повеќе, меѓу кои најчесто се среќаваат: неразбирање на задачите, бавното темпо во работата, замореност на ученикот и др.

Ако на ученикот не му е јасна задачата и ако родителот не е во состојба да објасни, тогаш за тоа треба да разговара со наставникот и да се бара помош. Ако се работи за бавност во работата, тогаш треба да се примени подолго вежбање со кое детето ќе може да постигне просечно темпо во работата, но во тоа треба да му се помогне со поттикнување и мотивирање. Најдобро е детето да се постави пред часовникот и да му се каже за колку време треба да ја изработи дадената задача (на пр. за 10-15 мин.). Кога детето ќе се навикне на овој начин на работење, тогаш тоа ќе му биде постојан поттикнувач за побрзо изведување на своите обврски. Ако е во прашање замореност тогаш е повеќе од јасно дека ученикот најпрво треба да се одмори барем половина час, а потоа да ја продолжи работата.

Ако во семејството има две или повеќе деца, кои треба истовремено да ги решаваат домашните работи и да учат, тогаш постојат можности да си пречат едно со друго. Во овој случај за секое дете мора да се одреди засебно место покрај масата и определено време кога ќе работи (ако е тоа можно). Значи, не мора сите деца да учат истовремено, туку да се направи распоред на времето што ќе им одговара на сите. При ова можеме на најстарото дете да му дадеме обврска да води сметка за работната просторија или работното катче, како и за придржувањето кон договорениот распоред на времето за учење. Ако семејството располага со поголем станбен простор, односно секое дете има своја детска соба, тогаш проблемот е полесно решлив.

Во врска со ова треба да нагласиме дека времето за изработка на домашните задачи и подготовка на лекциите треба да изнесува половина од времето кое ученикот го поминува на часовите во училиштето (по распоред на часовите, тогаш дома би требало да работи околу два часа. Прекумерното пречекорување на овие временски рамки предизвикува преоптоварување на ученикот кое носи многубројни негативни промени (опаѓање на работната способност, исцрпеност, појава на главоболка, несоница и сл.). Сето ова го знаат нашите наставници, па затоа домашните работи на учениците ги дозираат според психофизичките сили и возраста на децата. Затоа нема никаква потреба од дополнително ангажирање на учениците од страна на родителите со цел да бидат што подолго време „над книгата“ или да учат однапред некои лекции „за да бидат меѓу првите кога наставникот ќе предава“.

**Никола Крстевски, педагог**



## *ЗАБАВНА СТРАНА*





**Тело и зборови има, а уста и глава нема (.....)**



**На сонце излегува, а на облачно се крие (.....)**

**Низ него одиш, а не го гледаш (......)**

**Низ него одиш, а не го гледаш (......)**

***РЕШИ ЈА ЗАДАЧАТА***

*Полица*

*Билјана сака да направи нов распоред на нејзината полица. Таа смисли две правила: Две правоаголни форми не смеат да стојат една до друга. Кружните предмети не смеат да стојат до правоаголни предмети. Која од следните полици е распоредена следејќи ги двете правила на Билјана?*

*Понудени одговори*:






A a